Национална агенција за европски
образовни програми и мобилност
Скопје Р.Македонија
Бр. 03-226/6
01.04 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14), Директорот на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

## Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Националната агенција за европски образовни програми и мобилност број 02-198/1 од 19.02.2016 година и тоа:

Во глава IV Табеларен приказ на работните места во Националната агенција, во точка 1. Одделение за внатрешна ревизија, во работното место со реден број 2 Раководител на одделение за внатрешна ревизија, во делот Други посебни услови зборовите „најмалку 3 години работно искуство во областа на финансиите; познавање на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за буџетите и Законот за извршување на буџетот. Образование VII/2 – Сметководство, финансии и ревизија“ се заменуваат со зборовите „најмалку 3 години работно искуство во областа на внатрешната или надворешната ревизија, да поминале обука и положиле испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор според Програма за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор или да поседуваат меѓународно признат ревизорски сертификат. Образование VII/2 – Сметководство, финансии и ревизија “.

Во глава IV Табеларен приказ на работните места во Националната агенција, во точка 4. Сектор за финансиски прашања, во работното место со реден број 16 Раководител на сектор за финансиски прашања, во делот Други посебни услови зборовите „Образование VII/2– од областа на економските науки “ се заменуваат со зборовите „најмалку 3 години работно искуство во областа на финансиите. Образование VII/2– од областа на економските науки “.

Во глава IV Табеларен приказ на работните места во Националната агенција, во точка 7. Сектор за стратешки партнерства од областа на образованието, обука и млади, потточка 7.1. Одделение за стратешки партнерства од областа на стручно и училишно образование, во работното место со реден број

42 Раководител на одделение за стратешки партнерства од областа на стручно и училишно образование, во делот вид на образование зборовите „Организациони науки и управување (менаџмент) или економски науки“ се заменуваат со зборовите „Организациони науки и управување (менаџмент), економски науки или политички науки“.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Директор
м-р Дарко Димитров